



***Посебно место во донаторството на менаџерот Благој Механџиски и на веледрогеријата „ЗЕГИН“, се средствата од хуманитарните концерти на Тоше Проески во износ од 28.000 евра, што на 23 јануари 2003 година, беа подарени на***

***Домот за деца без родители „11 Октомври“ од Скопје. Тогаш, многу хуманост кон децата беше упатена од македонската ѕвезда Тоше Проески, неговата менаџерка Лилјана Петровиќ, сопственикот на „ЗЕГИН“, Благој Механџиски, кралицата на ромската музика, Есма Реџепова-Теодосиевска, Ребека и други пејачи.***

Повод за средбата беше доделувањето на средствата кои беа собрани од двата хуманитарни концерта што естрадната ѕвезда Тоше Проески ги одржа пред Нова година, во Универзалната сала. Оваа вредна сума е обезбедена од страна на продукцијата во која припаѓаше тој, „Фајнал кат продакшн“, на компанијата „ЗЕГИН“, но и големиот број донатори на концертот, вклучувајќи го и бесплатното отстапување на Универзалната сала.

Пред самото доделување на подароците, Тоше изјави дека секој човек има една емотивна и хумана жичка која треба да ја спроведе во реалноста – секаде и секогаш, кога ќе има можност. Есма, пак, нагласи дека е посебно среќна што успева со хуманост да ги зарази сите нејзини следбеници во музиката, оти како што вели таа: „ако имаш две нешта, најдобро е едното од нив да го подариш на оние коишто немаат“. А, сопственикот на „ЗЕГИН“, Благој Механџиски, пак, рече дека само ја продолжува семејната традиција на хуманоста.

Дел од донацијата беше поделена во специјалното училиште „Маца Овчарова“ и во Домот за деца со посебни потреби во Велес, како и за децата од Специјалниот завод во Демир Капија, каде што покрај тие производи беа подарени и четири ортопедски кревети, инвалидски колички и други помагала. Лилјана Петровиќ, менаџерката на Тоше Проески, изрази задоволство што сите 20 донатори што се пријавиле кога Тоше го одржа хуманитарниот концерт во Скопје, во декември 2002 година, ги реализирале своите донации.

Во врска со хуманоста на овие луѓе, голема благодарност изрази и директорката на Домот, Галаба Златкова-Гареска, која на директорот на „ЗЕГИН“ бизнисменот Благој Механџиски и менаџерката на Тоше, Лилјана Петровиќ им додели благодарници од име на Домот.

*„Тоше е најголемата ѕвезда која денес блесна и е во нашиот дом. И досега сме ја почувствувале хуманоста преку вакви манифестации, но овој пат беше нешто навистина посебно, со многу посветеност, бидејќи сите деца беа почестени со свој билет и со свое*

*место. Подадена рака' е нашето мото и секој којшто нам ни ја подава раката, само ни помага овие деца да ги изведеме на вистински пат, затоа ме радува што од овој дом излегуваат бројни примери на позитивни и корисни луѓе за општеството* “ - изјави Гареска.



*Домот во село Тимјаник*

При оваа посета, македонската поп-ѕвезда Тоше Проески и бизнисменот Благој Механџиски, им подарија и телевизор, музички столб, ќебиња, хигиенски пакети, лекови, храна, витамини и облека на децата без родители од Домот „11 Октомври“.

Исто така, на 7 октомври 2003 година, децата од Домот за деца без родители „11 Октомври“ добија помош во облека, средства за лична хигиена, играчки и телевизор, како донација од амбасадата на Франција и веледрогеријата „Зегин“. Донацијата во вредност од приближно 50.000 евра беше реализирана околу Нова година. Во присуство на најмалите штитеници на Домот, донацијата ја прими директорката Галаба Златковска-Гареска.

Во таа пригода, сопругата на францускиот амбасадор, Мари Пјер Терал и координаторката на хуманитарните проекти при француската амбасада, Паскал Робер, ја искористија посетата на Домот да ја најави новата донација со која беа обновени трпезаријата и кујната, а беа набавени и најсовремени кујнски помагала. Сопственикот на аптеките „ЗЕГИН“, Благој Механџиски, пак, после оваа средба отвори фризерски салон во просториите на Домот во кој неговите штитеници можат да го изучуваат овој занает.

Донаторството на Благој Механџиски се покажа на дело и во февруари 2004 година,

кога во просториите на НИП „Нова Македонија“ се одржа лицитација на педесет и четири уметнички дела од познати македонски сликари и резбан мебел стар педесетина години, сопственост на Новинско-издавачката куќа во стечај.

На аукцијата беа продадени повеќе од половината понудени слики, а непродадените (меѓу кои беше и резбаниот мебел) беа продадени спогодбено. Најголемо интересирање за понудените експонати пројави сопственикот на „Зегин“, Благој Механџиски, кој купи четиринаесет уметнички дела, меѓу кои беа и сликите на Никола Мартиновски, како „Мртва природа“ (масло на платно, 98,5x128 см) за 5.650 евра; „Мајка со дете“ (масло на платно, 67,5x57 см) за 5.250 евра и „Портретот на Мисирков“ од Димитар Кондовски (масло на платно, 97,5x73) за 5.050 евра.

Кај приватните колекционери завршија и делата на Петар Мазев (масло на лесонит, 65x63,5 см) за 1.450 евра, Коле Манев (масло на платно, 88x115 см) за 820 евра, Глигор Чемерски (масло на картон, 85x63,5 см) за 1.050 евра, Марјан Ризовски (цртеж-молив, 34x47,5 см) за 60 евра... Додека, пак, меѓу непродадените, односно оние кои ќе се продаваат спогодбено по објавувањето на огласот, беа и сликите на Никола Иванов Балтон (масло на платно, 100x100 см), Симон Шемов (графика-сито-печат, 48x63 см). Петар Мазев (масло на платно, 72x177 см), Владимир Георгиевски (188x188 см), Жарко Јакимовски (масло на платно, 80x80 см) и други.


АРХЕОЛОШКИ МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА



**Пишува СЛАВЕ КАТИН**